До Собрание на акционери на
Друштво за производство на хартија и амбалажа
ДС СМИТХ АД Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј

на Управниот одбор за управувањето и раководењето со Друштвото во 2016 година

Управниот одбор на Друштвото за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје, во согласност со одредбите од Статутот на Друштвото, е орган кој управува со Друштвото и во тие рамки го води работењето на Друштвото под сопствена одговорност, со овластувања во управувањето со Друштвото, односно во вршењето на сите работи поврзани со тековните активности и овластување да дејствува во сите околности во име на Друштвото во рамки на предметот на работење на Друштвото, во текот на 2016 година работеше целосно во согласност со Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, при што најсовесно, најодговорно и целосно во континуитет ја исполни својата задача.

Управниот одбор е составен од три члена чиј мандат е определен со времетраење од четири години. Членовите на Управниот одбор се компетентни и лица со потребни стручни знаења, лица кои го водат работењето со Друштвото на начин што овозможува правилно и квалитетно превземање на активности поврзани со работењето на Друштвото.

Во текот на 2016 година Управниот одбор на Друштвото согласно одредбите од Статутот на Друштвото редовно превземаше активности поврзани со редовното работење на Друштвото, утврдување на деловната политика, програма за работа на Друштвото и насоки за нивно спроведување, остварување на деловни резултати, вршеше увид во сите сегменти на работењето, редовно ги следеше финансиските извештаи и состојби при што вршеше споредби со остварените резултати од претходната - те години имајќи ги во предвид целокупните состојби во стопанството.
Работата на Друштвото е организирана на современ начин во две деловни единици - профитни центри:

- Производство на картонски плочи и картонска амбалажа (широк асортиман на плочи, кутии и земјоделски гајби)
- Откуп, складирање и управување со стара хартија

Управниот одбор во текот на 2016 година одржа 17 редовни седници на кои ја утврдуваше политиката на работењето на Друштвото и тековни активности од својата надлежност, ги согледуваше тековните услови на стопанисување и правилно превземаше мерки за успешно работење и зголемување на продуктивноста согласно Статутот на ДС СМИТХ АД Скопје и одредбите од Законот за трговски друштва.

Управниот одбор и неговиот Претседател кој воедно ја има функцијата на Генерален директор на Друштвото со максимално ангажирање на членовите на Менаџерскиот тим, под негово раководство и сите останати учесници во целокупниот процес на работење, Друштвото го одржа кредибилитетот и реномето на Групацијата ДС СМИТХ и во Република Македонија.

Цели на Друштвото се:

- Континуирано усовршување, оптимизирање и прилагодување на организацијата на работењето, усогласување со пазарните потреби и услови, стратешки цели и задачи;
- Нова динамична и флексибилна организациона поставеност во склад со политиките и стандардите на ДС СМИТХ групацијата;
- Максимизирање на профитабилноста на работењето со превземање прифатливи ризици со искористување на постоечката технологија;
- Одржување на вредноста на капиталот и нејзино зголемување;
- Зацврстување на ДС СМИТХ АД Скопје како водечки капацитет во дејноста во Република Македонија;
- Понуда на различни видови квалитетна и еколошка амбалажа согласно техничко-технолошките капацитети на компанијата;
- Менаџмент на човечки ресурси што ќе обезбеди повисок квалитет на услуги;
- Продолжување на процесот на обука и ангажирање во секојдневото работење на млади кадри.

Со цел да ја задржи водечка позиција на пазарот во Република Македонија, како и да го зголеми својот удел во соседството, во Друштвото беа превземени следниве активности:

DS Smith

- Континуирано имплементирање на редефинираната на стратегија за пристап на пазарот;
- Континуирано адаптирање на системската поставеност на организацијата со цел генерирање позитивни резултати во работењето, преку реорганизација на работната сила, а со цел изградба на флексибилна организација, лесно прилагодлива кон исполнување на барањата на купувачите;
- Развој на производите нудејќи иновативни решенија со задоволувачки квалитет;
- Комплетно реновирање на енергетскиот систем со цел намалување на потрошувачката на енергија по единица мерка.

На 31.12.2016 година DS Smith Packaging South East GmbH поседува 226.853 обични акции кои претставуваат учество од 81,63% од акциите со право на глас издадени од ДС СМИТХ АД Скопје.

Согласно Законот за Трговските Друштва и Одлуката на Собранието во 2015 година за избор на ревизорска куќа ДИЛОИТ ДОО Скопје (Deloitte DOO Skopje), извршена е ревизија на економско-финансиското работење на Друштвото за 2016 година од страна на овластените Независни Ревизори од Ревизорската куќа ДИЛОИТ ДОО Скопје (Deloitte DOO Skopje).
Извештајот на ревизорите е извршен во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија, Меѓународните стандарди за ревизија и релевантните етички стандарди кои овозможија изготвување и реално прикажување на финансиската состојба.

Врз основа на Извештајот и сите финансиски податоци е утврдено дека: Друштвото има недвижности, постројки и опрема во вкупен износ од МКД 395.971 илјади. Овие средства вклучуваат земјиште и градежни објекти со нето сегашна вредност од МКД 19.679 илјади, за кои Друштвото има само право на користење и не поседува документација за сопственост. Постапката за стекнување на сопственост е во тек.
Дополнително, градежните објекти на Друштвото со вкупен износ од МКД 181.550 илјади (2015: МКД 186.531 илјади) вклучуваат и градежни објекти од погонот за производство на хартија и хартиена амбалажа со нето сегашна вредност од МКД 48.970 илјади (2015: 51.672 илјади), кои од 1 јануари 2011 година се надвор од употреба. Градежните објекти вклучуваат и основни средства со нето сметководствена вредност од МКД 56.032 илјади (2015: 55.305 илјади) за кои Друштвото не поседува титулар на сопственост, туку има право на користење.

За минатата 2016 година, заклучно со 31.12.2016 Друштвото оствари нето добивка од МКД 16.604.315,00 (шеснаесет милиони шестотиниичетири илјади тристаипетнаесет) (2015:МКД 33.234 илјади).

Од вкупниот износ на обврските, МКД 137.184 илјади се кон поврзаните страни, а од вкупниот износ на кредити, МКД 234.366 илјади во целост се однесуваат на необезбедени кредит земени од поврзани страни.

Значајни инвестиции реализирани во текот на 2016 година кои што имаа влијание врз финансискиот резултат се следниве:

- Индустриска врата 4.800 €
- Звучна кабина 14.042 €
- Машина за преса 11.000 €
- Кујна за лепак 30.000 €
- Машина за производство TST 18.052 €
- Машина за производство BOBST 311.932 €
- Асфалтирање на пат пред управна зграда 28.600 €
- Реконструкција на градежни објекти во Маџари 25.405 €

**Управен одбор**
**Претседател**
**Олгица Кржева**

**Членови:**
**Зоран Трнавац**

**Дарко Калчев**

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје